**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA**
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

**Урброј**: ЗМ – 23 – 1/2011
**Загреб**, 19. 03. 2011.

# З А П И С Н И К

**од 9. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **19.03.2011 година со почеток во 12.40 часот** во просториите на **Заедницата** на Македонците во РХ, во **Масарикова** 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Ангел Митревски – претседател на Заедницата, Јагода Цветичанин – Осиек, Никола Гроздановски – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Благој Штерјов – Загреб и Ивона Дуноски Митев – Риека.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата, Орце Ламбевски – член на НО на Заедницата и претставници од медиумите – „Призма“.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни и го прочита дневниот ред за истата.
**Предлог за дополнување на дневниот ред:**
Е. Петровска – под точката 6. да се додаде и усвојување на Планот и програмата на работа за 2011 година со финансиска конструкција.
Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** предлогот за дополнување, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Попис на населението во Република Хрватска во април 2011 година;
2. Усвојување на записникот од 8-та седница на УО;
3. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.01.-31.03.2011.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
4. Усвојување на „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2010. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците FG-2/Informiranje, FG-3/Izdavaštvo, FG-4/Kulturni amaterizam, FG-5/Kulturne manifestacije, FG-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;
5. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
6. Усвојување на Планот и програмата на работа за 2011 година и Планот и програмата на работа за 2011 година со финансиска конструкција до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата;
7. Договор околу реализацијата на програмите во 2011 година и усвојување на донесените одлуки;
8. Донесување на одлука за датумот на одржувањето на редовното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
9. Разно.

**Ад. 1.** Претседателот А. Митревски зборуваше за активностите што Заедницата и Македонската координација ги преземаа за претстојниот Попис на населението во Република Хрватска. Се одржа состанок на кој беше договорено да се анимира македонското национално малцинство во РХ да се изјасни во што поголем број за да се утврди вистинскиот број на Македонците кои живеат во Хрватска. Се изработи и леток (прилог) со потребните информации за Пописот и се проследи до сите Македонци што живеат во РХ. Информирањето се вршеше и преку јавните медиуми.

**Ад. 2.** Записникот од 8-та седница на УО беше подготвен и проследен до сите друштва (прилог).

**Предлози:**

* J. Цветичанин – под точката 3. во делот „На предлог на И. Дуноски, членовите на УО со јавно гласање **со 4 (четири) гласа за, 1 против и 1 воздржан, донесоа одлука:** патниот налог бр. 44-130/10 од 09.10.2010 година кој гласи на Ангел Митревски за службено патување од Сплит за Мостар по повод отворањето на новото МКД „Вардар" во Мостар во вкупен износ од 785,00 кн., не се признава, бидејќи Заедницата нема никаква корист од тоа, и тој износ Митревски мора да го врати во Заедницата.", да се измени делот „бидејќи Заедницата нема никаква корист од тоа" со „поради неправовремено добивање согласност од членовите на УО на Заедницата".

* А. Митревски – во иднина во записникот да се пишуваат само важните работи речени на седницата, забелешки, предлози и одлуки, а останатите дискусии да се изостават.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува предлогот на J. Цветичанин **со 5 (пет) гласа за, 1 (еден) против и ниту еден воздржан**;
- Се усвојува предлогот на А. Митревски;
- Се усвојува записникот од 8-та седница на УО со корекцијата по усвоениот предлог на J. Цветичанин (прилог).

**Ад. 3.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од друштвата од Загреб, Задар, Риека, Осиек и Заедницата (прилог).

**Забелешки:**

* И. Дуноски Митев – во Информаторот за работата и активностите на ЗМРХ под точката 25. погрешно е напишана годината 2011, а треба да стои 2010.

**Предлози:**

* А. Митревски – во врска со точката 22. да се ургира до Министерството за надворешни работи на РМ, Сектор за национални приоритети (СНП), проектот „Допри ја земјата македонска" предложен од Заедницата, да се прифати за финансирање.

* А. Митревски – во врска со точката 16. да се уврсти во програмите за Министерството за наука, образование и спорт на РХ за 2012 година, печатење на учебник за дополнителната настава по македонски јазик на македонското национално малцинство во РХ. Тој би бил подготвен од стручни лица и предложен на одобрување до Агенцијата за воспитание и образование на РХ по пропишаните хрватски закони за редовно школство, бидејќи од оваа учебна година македонскиот јазик во Хрватска има ист статус како и било кој друг странски јазик за изборен предмет.

* А. Митревски – да се преземат одредени чекори во врска со функционирањето на дополнителната настава по македонски јазик во Пула, бидејќи моментната ситуација е само едно запишано дете кое ја посетува наставата кај учителката Сашка Соломоновска-Јаневска (службено се водат 5 деца), а добиена е информација од родителите на други деца од Пула дека би било многу повеќе ученици доколку би се промениле училиштето и

учителката. По ова прашање, треба да се контактира со Сашка Соломоновска-Јаневска во рок од 8 дена таа написмено да се очитува за вистинската состојба на запишаните деца.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- **Се усвојуваат сите три предлога на А. Митревски и тој се задолжува да ги спроведе.**

**Ад. 4.** Годишниот финансиски Извештај беше уредно подготвен и предаден до Советот (прилог), заедно со Извештаите на друштвата, а годишното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2010. godine" е уредно изработено за потребите на Заедницата (прилог).

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2010. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците FG-2/Informiranje, FG-3/Izdavaštvo, FG-4/Kulturni amaterizam, FG-5/Kulturne manifestacije, FG-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари.

**Ад. 5.** Инвентурата на имотната состојба на Заедницата беше спроведена од страна на Инвентурната комисија, а записникот подготвен и проследен до сите друштва (прилог).

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- **Се усвојува записникот од состанокот на Инвентурната комисија на Заедницата.**

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 6.** Планот и програмата на работа за 2011 година и Планот и програмата на работа за 2011 година со финансиска конструкција беа подготвени и проследени до сите друштва (прилог). Претседателот А. Митревски ги информираше членовите дека е пристигнато известување од Советот за национални малцинства на РХ, во кое стои дека од оваа година услов за потпишување договор за финансирање на програми е достава на образецот БОН-2 (податоци за солвентноста на здружението), а како инструмент за осигурување бланко меница заверена на нотар на износот од договорот зголемен за законската затезна камата (на терет на Заедницата). На седницата на Советот за национални малцинства на РХ, одржана на 17 март годинава, се донесе Одлука за доделување на финансиски средства од Државниот буџет на Хрватска, според која, на Заедницата и друштвата (без друштвото од Пула) се доделени вкупно 773.000,00 кн. за реализација на програмите во 2011 година (прилог), што е за околу 0,3% помалку во однос на ребалансираните средства од минатата година. Митревски нагласи дека и понатаму нема пробивање на трошоците во рамките на добиените средства за програмските активности, ниту пак префрлање на нереализираните програми во наредната година.

**Забелешки:**

* О. Ламбевски – во распределбата на средствата за оваа година, МКД „Охридски бисер" иако со највисоко процентно зголемување, сепак има најмалку добиени средства во однос на унапредените секции.

* М. Мајиќ – изрази незадоволство бидејќи МКД „Билјана" ниту оваа година не доби средства за културната манифестација „Меѓународен ден на културните различности".

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува Планот и програмата на работа за 2011 година;
- Се усвојува Планот и програмата на работа за 2011 година со финансиска конструкција;
- Заедницата со секое МКД посебно, да склучи Договор за заедничко финансирање на дел од заедничките активности на Заедницата во износ од 16,667% од добиените финансиски средства од Советот за Културен аматеризам;
- Од средствата добиени од Советот за Културни манифестации на ниво на Заедницата, а во реализација со МКД-а, да се одвојат 16,667% од добиените финансиски средства, за подмирување на режиските и останатите трошоци на Заедницата;
- Од средствата добиени од Советот за Информирање, да се одвојат 20,00% за подмирување на режиските и останатите трошоци на Заедницата;
- Од средствата добиени од Советот за Издаваштво, да се одвојат 9,09% за подмирување на режиските и останатите трошоци на Заедницата.

**Ад. 7.** Претседателот А. Митревски рече дека на ниво на Заедницата оваа година има уште 4 нови културни манифестации.
**Предлози:**
* Ј. Цветичанин – за овогодишната културна манифестација „Денови на браќата Миладиновци“ поради јубилејната 150-годишница од издавањето на зборникот на браќата Миладиновци да се прошири Организацискиот одбор за да се дигне манифестацијата на поголемо ниво. Истото важи и за културната манифестација „Ден на Заедницата“.
* А. Митревски – да се контактира со КУД „Мирче Ацев“ од Прилеп, РМ, за нивни настап на културната манифестација „Илинден“.

**Ад. 8.** По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање едногласно ги донесоа следните **одлуки:**
- Седницата на редовното Собрание на Заедницата да се одржи на 17.04.2011 година во Сплит;
- Членовите на Надзорниот одбор да извршат контрола и подготват Записник за Собранието за финансиското работење на Заедницата за 2009 и 2010 година;
- За исплата на патните трошоци на делегатите на Собранието се признава исклучително потврда на чинењето на повратна карта за превоз со автобус или воз (за Друштвото од Осиек со кушет);
- Сите друштва да достават до Заедницата список на своите именувани делегати за Собранието.

**Ад. 9.** Претседателот А. Митревски ги извести членовите дека повторно е избран за член на Советот за национални малцинства на РХ со мандат од 4 години. На 14 април 2011 година во организација на Хрватска матица на иселениците во Загреб ќе се отвори изложба на Бранѓолица, потоа МКД „Македонија“ ја презема во Сплит и потоа таа останува во Хрватска цела година на располагање на другите заинтересирани друштва. Исто така, деновиве се очекуваат да излезат од печат 4 книги во издаваштво на Заедницата.
И. Дуноски Митев информираше дека поради породилно боловање нејзината функција ја презема и ќе ја извршува потпретседателот на МКД „Илинден“, Велимир Лозановски.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање едногласно ги донесоа следните **одлуки:**
- Се даруваат 80 примероци од најновата книга „Нескротливо чувство“ на авторот Ивона Дуноски, и по 15 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 40,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.;

- Се даруваат 100 примероци од најновата книга „Стари македонски семејства во Хрватска“ на авторот Марина Апостоловска, и по 25 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 120,00 кн.;
- Се даруваат 100 примероци од најновата книга „Пат – Друг пат“ на авторот Лилјана Димова Петернел, и по 25 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 40,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.;
- Се даруваат 150 примероци од најновата книга „Носталгија и љубов“ на авторите Мирјана Мајиќ и Еми Лонгин, и по 20 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 40,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.;
- Се даруваат 30 примероци од книгата „Гужва на гранка“ од Наташа Ламбевска на авторот, како донација за неколку училишта во Загреб и по 5 примероци на секое Друштво;
- Почнувајќи од 01.04.2011 година, на административниот секретар на Заедницата, Е. Петровска, да се зголеми исплатата на паричниот додаток за месечна карта за јавен градски превоз (ЗЕТ+ХЖ) од 319,00 кн. на 510,00 кн. поради поскапување на истиот;
- Се задолжува претседателот А. Митревски да го побрза решавањето на проблемот со функционирањето на Веб страницата на Заедницата во рамките на финансиските можности на Заедницата;
- Се одобрува за прифатен проект на ниво на Заедницата, а финансиран од фондовите на Европската Унија, да се доделат 10% од вкупните добиени средства за тој проект на водителот на проектот, односно на оној што ќе го изработи тој проект, без оглед дали се работи за некој член на друштвата, член на УО, претседателот, двата потпретседатели или секретарот на Заедницата;
- Се поништува одлуката од 8-та седница на УО за исплата на пола дневница на членовите на УО од Загреб и секретарот на Заедницата како трошок за седниците на УО на Заедницата што се одржуваат во Загреб, поради тоа што нема законска можност за таква исплата.

На крајот, секретарот Е. Петровска им подели на присутните за друштвата неколку донирани ЦД-а и промотивен материјал за Македонија, збирка поезија „Поглед во недоглед“ од авторот Мичо Атанасиу и по 3 примероци од дневниот весник „Нова Македонија“.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 17.00 часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ